Република Северна Македонија
ОПШТИНА НЕГОТИНО

Предлагач : Градоначалник на општина Неготино

Изготвува:
Одделение за јавни дејности
Советник за организациска и административна поддршка во реализација на проекти од културата, образованието и социјалната заштита
Цветанка Емшова

Одделение за јавни дејности
Раководител: Ивица Златковиќ

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина НЕГОТИНО во областа на образованието во 2026 година

Декември 2025

Република Северна Македонија
Општина Неготино
Совет на Општина Неготино
бр.08- 2505/21
25.12.2025 година

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 11 од Законот за основното образование („ Службен весник на РМ “ бр.24/13,161/19,225/20,3/25,74/25) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр.3/06) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **25.12.2025** година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Неготино во областа на образованието во 2026 година

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување знаења, вештини и способности за совладување на потребите и стекнување животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него.

Современиот пристап укажува дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање и процес што треба константно да се надградува. Поголемото инвестирање и подигањето на нивото на инвестирање се битен фактор во развојот на образованието.

## I. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на основните училишта и средното училиште и со Градоначалникот на општина Неготино.

Исто така, користени се и добрите/лошите искуства од реализацијата на минатогодишните искуства. Во оваа програма се имплементирани предлозите и препораките од сите фактори.

## II. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

Програмата за образование на општина Неготино за 2026 година ги таргетира учениците, наставниците, стручните и техничките служби од општинските основни и средно училиште.

Исто така, со оваа Програма значително се опфатени и учениците што доаѓаат од семејства во социјален ризик, со цел нивното образование да се реализира непречено. Во вонучилишните активности се опфатени сите ученици.

Крајни корисници се учениците, наставниците, стручни и технички служби од општинските основни училишта.

## III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Еден од клучните предизвици на образовната политика и на образовниот систем во основните училишта на територијата на општина Неготино во наредниот

период ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес на младите во рамките на законските можности. Програмата ќе помогне во поттикнувањето и во негувањето на детската љубопитност, сознајните активности и креативноста, развивањето на мотивитеи на условите за афирмирање на личноста на ученикот. Исто така, целиме кон воспоставување европски принципи за образовени процес што треба дополнително да го стимулира развојот на децата.

## IV. АКТИВНОСТИ

Општина Неготино ќе го поттикнува, поддржува и помага остварувањето на целите на оваа Програма сообразено и во корелација со Годишните програми за работа на училиштата. Активностите на Општина Неготино во областа на образованието во 2026 година ќе бидат насочени кон:

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;

-Техничка и стручна помош при имплементација на Образовните политики за општина Неготино;

-Ќе работи на промоција и поддршка на талентирани ученици

-Ќе се обезбедува логистичка и материјална помош во севкупниот професионален развој и унапредување на наставниот кадар.

-Ќе се грижи за обезбедување на оптимални услови за изведување на воспитно образовниот процес во училиштата.

## V. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

### 1. Првенци на генерација- Награда за полуматуранти и матуранти

Имајќи предвид дека основното образование е темел на натамошното школување и интелектуален развој, општина Неготино предвидува награди за најдобрите од генерацијата, по еден ученик од секое училиште. Оваа награда е предвидена со цел да се стимулираат младите за натамошен развој, како и постигнување успех на професионален план. Најдобрите ученици полуматуранти и матурант што училиштето ги избрало за првенци на генерација.

**Целни групи:** ученици- првенци на генерација што го завршуваат основно и средно образование во општинските училишта.

**Очекувани резултати:**

-стимулирање на натпреварувачки дух меѓу учениците;

-мотив за учество на разни натпревари;

-создавање вистински вредности кај учениците;

-стимулирање за натамошен развој во образовниот процес;

**Време на реализација:** мај 2026 година;

**Реализатор:** Одделени за јавни дејности- општина Неготино.

### 2. Поддршка на ученици за учество на меѓународни и државни натпревари

Во училиштата во општина Неготино има ученици со високи достигнувања во различни области. Покрај високите достигнувања на општинско, регионално и државно ниво, тие учествуваат и на меѓународни натпревари и понекогаш постигнуваат многу високи резултати. Овие резултати се значајни и претставуваат промоција, како за учениците, за училиштата и за општина Неготино.

Општина Неготино и досега наоѓаше начини да им помогне на овие ученици и да им даде финансиска поддршка за нивно учество на меѓународни натпревари, како поттик за натамошна работа.

**Целни групи:** ученици- со високи постигнувања во различни области

**Очекувани резултати:**

-обезбедена финансиска поддршка за учество на натпревари на различно ниво;

-поттик за натамошна работа и вложување на учениците.

**Време на реализација:** мај 2026 година;

**Реализатор:** Одделени за јавни дејности- општина Неготино

## 3. Поддршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари

Општина Неготино и досега наоѓаше начини да ги награди и да им даде финансиска поддршка за помош на нивно учество на меѓународни натпревари, како поттик за натамошна работа.

**Целни групи:** наставници, ментори на учениците кои освоиле награди;

**Време на реализација:** мај 2026 година;

**Реализатор:** Одделени за јавни дејности- општина Неготино.

## 4. Купување информатичка опрема

Од својот буџет општината ќе издвои средства за набавка на таблети, лаптопи, проектори и друга информатичка опрема за училиштата затоа што им недостигаат сопствени средства, со цел да се постигне поефикасно функционирање на наставата според новата концепција на образованието.

**Очекувани резултати:**

-подобрување на образованиот процес во училиштата;

**Време на реализација:** континуирано во текот на целата учебна година;

**Реализатор:** Општина Неготино.

## 5. Ден на општина Неготино

Планирани активности по повод денот на општина Неготино во кој ќе учествуваат учениците од сите општински училишта:

-Конкурс за најдобра ликовна творба (на тема мојот град)

-Конкурс за најдобра литературна творба (на тема мојот град)

-Трки за ослободување на мојот град и награди за најдобрите;

-Крводарителска акција (6 ноември) во соработка со Црвен крст- Неготино;

**Време на реализација:** ноември 2026 година;

**Реализатор:** Општина Неготино.

## 6. Организирање на „Танц на матуранти„ 2026 (озвучување и маички);

Како и секоја година се организира „Танц на матуранти“ на плоштадот во општина Неготино.

**Целни групи:** матуранти 2026;

**Време на реализација:** мај 2026 година;

**Реализатор:** Општина Неготино.

## 7. Финансиска поддршка за секој ученик запишан во прво одделение;

Од својот буџет општина Неготино ќе издвои средства за секое запишано прваче;

**Време на реализација:** септември 2026 година;

**Реализатор:** Општина Неготино.

## 8. Стипендирање на најдобар студент од општина Неготино

Мотивација за нашите студенти да постигнуваат добри резултати и врз основа на конкурс и правилник да се пријават и да се одбере најдобриот студент.

**Време на реализација:** октомври-јуни 2026 година;

**Реализатор:** Општина Неготино.

## 9. Back to school candy party

За позабавен почеток на учебната година со голема забава на градскиот плоштад општина Неготино ги повикува сите ученици да се забавуваат со богата уметничка програма.

**Време на реализација:** октомври-јуни 2026 година;

**Реализатор:** Општина Неготино.

## 10. Поддршка на учениците и наставниците од билингвална паралелка

Во рамките на средното училиште постои билингвална паралелка која секоја година учествува на натпревари и посети на Франција, општина Неготино ја подржува секоја иницијатива за унапредување и усовршување на истата.

**Целни групи:** учениците и наставниците во билингвална паралелка;

**Време на реализација:** октомври-јуни 2026 година;

**Реализатор:** Општина Неготино.

## VI. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

-мотивирани ученици и наставници;
-подобрен квалитет во наставата;
-инклузија на сите ученици;
-подобрени услови за работа;
-еднакви можности за сите социјални категории;

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма се предвидени со Буџетот на општина Неготино, а определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

| Ред.бр | Активност |
|---|---|
| 1 | Првенци на генерација- Награди за полуматуранти и матуранти; |
| 2 | Поддршка на ученици за учество на меѓународни и државни натпревари; |
| 3 | Поддршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни и меѓународни натпревари; |
| 4 | Купување информатичка опрема; |
| 5 | Ден на општина Неготино |
| 6 | Организирање „Танц на матуранти“ (2026) |
| 7 | Финансиска поддршка за секој ученик запишан во прво одделение; |
| 8 | Стипендирање за 5 најдобри студенти во општина Неготино; |
| 9 | Back to school candy party; |
| 10 | Поддршка на ученици и наставници од билингвална паралелка; |
| 11 | Бесплатен оброк за учениците во основните училишта од прво до петто одделение; |
| 12 | Ученички екскурзии за учениците од I-IX одделение; |
| 13 | Школски униформи за учениците од I-IX одделение; |
| 14 | Промена на кровни конструкции (азбест) во подрачните училишта во с.Криволак и с.Пепелиште; |
| 15 | Пренамена на трепезариите во мини спортски сали во подрачните училишта во општина Неготино или доградба на нови спортски сали во склоп на објектите; |
| 16 | Набавка на минибус за потребите на ООУ„Страшо Пинџур“; |
| 17 | Уредување на училишен двор во с.Црвени Брегови; |
| 18 | Реконструкција на кров на спортска сала во ООУ„Гоце Делчев“; |
| 19 | Промена на крововите во подрачните училиште во Тремник, Дисан; |
| 20 | Техничка документација за изградба на музичко училиште; |
| 21 | Изградба на ново основно музичко училиште во рамките на ООУ„Гоце Делчев“; |
| 22 | Техничка документација за стара гимназија; |
| 23 | Промена на подовите во централното училиште „Гоце Делчев“; |
| 24 | Реконструкција на старите и нови забавни паркови со реквизити во сите училишта; |
| 25 | Реконструкција на спортско игралиште во СОУ „Св.Кирил и Методиј“; |
| 26 | Изградба на потпорен ѕид во СОУ „Св.Кирил и Методиј“; |
| 27 | Санација на санитарни чворови во СОУ „Св.Кирил и Методиј“; |
| 28 | Реконструкција на лабораториите по хемија; |
| 29 | Замена на олуци на кровот во СОУ „Св.Кирил и Методиј“; |
| 30 | Поставување фотоволтаици на кров во СОУ „Св.Кирил и Методиј“; |

## ПРИХОДИ

| Р.б | Блок дотација по соодветна програма | Износ |
|---|---|---|
| 1.Н10 | Основно образование- блок дотација (плати и надоместоци од плати, тековно одржување и превоз)- МОН преку буџетот на општина Неготино | 202.085.000,оо |
| 2. Н10 | Средства од Буџетот на општината- основно образование | 1.008.000,оо |
| 3. Н10 | Самофинансирачки- основно образование | 1.670.000,оо |
| 4. Н20 | Средства од Буџетот на општината- средно образование | 733.000,оо |
| 5. Н20 | Самофинансирачки- средно образование | 786.000,оо |
| 6. Н20 | Средно образование- блок дотација (плати и надоместоци и тековно одржување) МОН преку буџетот на општина Неготино | 66.195.000,оо |
| 7. | Салдо од претходни години- основно образование | 13.765.000,оо |
| | Вкупно | 286.242.000,оо |

**Предлог програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието за 2026 година е претставена во два дела:**

**Поддршка на активности во основно, средно образование и образование за возрасни и трансфер на средства од МОН и приходи од самофинансирање во основно и средно образование.**

Н10-Средства за основно образование од буџетот на општина Неготино -1.008.000,оо
Н20-Средства за средно образование од буџетот на општина Неготино - 733.000,оо

## VIII. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на општината.

## IX. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Оваа Програма претставува континуитет на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието за учебната 2025/2026 година бидејќи планирањата во оваа област покрај календарски се вршат и по учебна година.
Исто така во програмата во делот на капиталните инвестиции во образованието планирани се средства за кофинансирање и на општина Неготино во истите. За таа цела во оваа Програма се предвидуваат средства за санација, доградба на училишни објекти онаму каде што е тоа најнеопходно, а се изнаоѓаат и форми за обезбедување на

дополнителни донации.
Поаѓајќи од тригодишните оперативни планови за капитални инвестиции на училиштата, плановите се доставени до општина Неготино и МОН, направена е проекција за приоритетите за 2026 и истите се составен дел од програмата.

## X. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Комисиите за Финансирање и буџетот и Комисијата за јавни дејности го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози во врскасо остварување на нејзините цели.
Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Совет на Општина Неготино
Претседател

Лилјана Арсова Митрова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА НЕГОТИНО